# МИСИЈА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ НА ОДИХР
## Република Северна Македонија – Локални избори, втор круг, 2 ноември 2025 година

### ИЗЈАВА ЗА ПРЕЛИМИНАРНИТЕ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ

### ПРЕЛИМИНАРНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Вториот круг на локалните избори за градоначалници на 2 ноември им понуди на гласачите избор помеѓу јасно издиференцирани политички алтернативи, но не сите кандидати уживаа еднакви услови за водење на кампањата. Поконкретно, несоодветната формула за распределба на средствата за платено политичко рекламирање значително ги наруши можностите за водење медиумска кампања во неколку изборни трки за градоначалник. Кампањата во повеќето општини беше конкурентна, но во некои изборни единици имаше јасно дефинирана поделби по етничка линија. Загрижувачки беа континуираната вмешаност на владините функционери во кампањата, како и постојаните наводи за притисок врз вработените во јавниот сектор и врз гласачите, и бројните наводи за купување гласови. Изборната администрација ефикасно и транспарентно управуваше со подготовките, и покрај тоа што важни процедурални аспекти за вториот круг не беа јасно регулирани во законот, и продолжи да ужива доверба кај повеќето засегнати страни. Постапувањето на Државната изборна комисија (ДИК) по приговорите од првиот круг предизвика загриженост во однос на правичната правна постапка и правото на ефективен правен лек, додека Управниот суд ги разгледуваше жалбите на јавни седници темелно и во согласност со утврдените процедури. Ограничените законски барања за известување за финансирањето на кампањата и отсуството на надзорни мерки ја поткопаа транспарентноста и довербата на јавноста и ја намалија отчетноста на изборниот процес, што е спротивно на меѓународната добра практика. На Денот на изборите, во ограничениот број набљудувани избирачки места од страна на МНИ на ОДИХР, различните фази на процесот беа оценети како добро организирани, професионални и мирни, со генерално почитување на утврдените процедури, иако водењето евиденција за гласачите предизвика загриженост.

Вториот круг на изборите за градоначалници се одржа во 32 општини и во Град Скопје, каде што ниту еден кандидат не освои апсолутно мнозинство во првиот круг на 19 октомври. Само една жена беше избрана за градоначалник во првиот круг, а три влегоа во вториот круг. Дополнително, само една партија којашто претставува помала етничка заедница имаше кандидат во вториот круг.

Иако Изборниот законик регулира одредени аспекти од процесот на изборите во вториот круг, неколку клучни области остануваат нерегулирани, двосмислени или недоволно детални. Тие вклучуваат отсуство на одредби што го дефинираат официјалниот почеток на кампањата за вториот круг, што влијае на барањата за финансиско известување во однос на финансирањето на кампањата, на правилата за медиумско покривање и медиумско рекламирање. Исто така, во Законот недостасува јасен временски распоред и детални правила за техничките подготовки за гласањето.

Изборната администрација продолжи ефикасно и транспарентно да управува со изборните подготовки и генерално уживаше доверба кај засегнатите страни. Седниците на ДИК беа отворени за медиумите и набљудувачите и се пренесуваа онлајн. Помеѓу круговите, ДИК спроведе обуки за освежување на знаењето и ги консолидираше најчесто поставуваните прашања од пониските изборни органи и ги дистрибуираше одговорите како дополнителен материјал за обука. Законот не предвидува ажурирање на избирачките списоци помеѓу круговите, освен во случаи кога се

поднесени дополнителни барања за гласање во домашни услови, и кога ДИК одлучила по приговори од гласачи во врска со повредата на лично избирачко право.

Како и во првиот круг, основните слободи на здружување, собирање и изразување беа почитувани, а на кандидатите им беше овозможено слободно да водат кампања. Кампањата беше конкурентна, а гласачите имаа вистински избор помеѓу политички алтернативи. Тонот на кампањата беше поводржан отколку во првиот круг, но повремено беше вжештен, со одредени примери на лични напади. Постојаното вклучување владини функционери во кампањата, на моменти ја замати границата помеѓу државата и партијата, спротивно на ставот 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година. Продолжија наводите за притисок врз вработените во јавниот сектор и врз гласачите, како и бројни наводи за купување гласови.

Кандидатите, партиите и партиските лидери активно водеа кампања на Фејсбук, при што голем број актуелни градоначалници и министри од владата ги користеа и своите официјални профили за водење кампања. Неколку кандидати изразија загриженост во врска со манипулативни наративи на социјалните мрежи, а забележан беше и одреден број инциденти на вжештена реторика.

Барањата за финансиско известување во однос на финансирањето на кампањата останаа ограничени за вториот круг, што ја наруши транспарентноста. Ниту една од институциите задолжени за надзор на финансирањето на кампањите не поведе постапка против кандидатите коишто не ги исполниле барањата за известување пред првиот круг, со што дополнително се ослабна јавната доверба и се намали отчетноста на изборниот процес, спротивно на меѓународната добра пракса.

Несоодветната формула за распределба на политичкото рекламирање во медиумите, којашто ги става во понеповолна положба независните кандидати и непарламентарните партии и ефективно ги исклучува помалите партии со пратеничка група, значително ги наруши условите за рамноправно натпреварување во вториот круг со учество на такви кандидати, спротивно на заложбите на ОБСЕ и меѓународната добра практика. Набљудувањето на медиумите од страна на Мисијата за набљудување на изборите на ОДИХР (МНИ) утврди дека тонот на известување во вестите на сите набљудувани радиодифузери беше генерално неутрален. За независните кандидати се известуваше првенствено преку вести.

ДИК разгледа 51 приговор во врска со процедурите на денот на изборите во првиот круг на јавна седница и ги отфрли или одби сите. Сите приговори не беа разгледани поединечно, бидејќи за некои од нив беше донесена заедничка одлука врз основа на типот на приговорите. Ова, во комбинација со прекумерно формалистичкиот пристап на ДИК, го ограничи испитувањето на одредени случаи и го поткопа правото на ефективен правен лек, како и предизвика загриженост во однос на почитувањето на начелото на законитост, спротивно на заложбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди и добра пракса. Пред Управниот суд беа обжалени четиринаесет одлуки на ДИК, при што судот ги усвои тужбите и ги поништи одлуките на ДИК во четири случаи, а ги одби преостанатите десет случаи, со што ги потврди одлуките на ДИК.

Во ограничениот број набљудувани избирачки места од страна на МНИ на ОДИХР, изборниот процес беше оценет како добро организиран, професионален и мирен. Утврдените процедури генерално беа запазени за време на гласањето, а набљудувачите на МНИ на ОДИХР не пријавија инциденти или сериозни процедурални пропусти во набљудуваните избирачки места, иако беа забележани бројни случаи на водење евиденција за гласачите. Онаму каде што беа набљудувани, пребројувањето на гласовите и сумирањето беа оценети како транспарентни, професионални и ефикасни и генерално се спроведоа во согласност со пропишаните процедури.

## Прелиминарни наоди

### Објавување на резултатите од првиот круг избори и случувања по изборите

Државната изборна комисија (ДИК) ги објави прелиминарните резултати од локалните избори одржани на 19 октомври на 20 октомври, околу 14 часа по законскиот рок од 12 часа од затворањето на гласањето.[1] Во првиот круг беа избрани четириесет и четири градоначалници, вклучително 33 номинирани од коалицијата предводена од Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), 5 од етничката албанска коалиција ВРЕДИ, и по 3 од коалициите предводени од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) и етничката албанска Демократска унија за интеграција (ДУИ). Само една од 32 жени кандидатки за градоначалник беше избрана во првиот круг. Во четири општини, изборите за градоначалник беа неважечки бидејќи учествуваа помалку од една третина од регистрираните гласачи.[2]

На изборите за општински совети, коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 549 од 1.307 места во општинските совети, што претставува општо зголемување на бројот на места, додека коалицијата предводена од СДСМ освои 230, што претставува забележително намалување. Коалицијата предводена од ДУИ обезбеди 169, коалицијата ВРЕДИ 128, Левица 66, За наша Македонија (ЗНАМ) 44, а Демократската партија на Турците 21, додека помалите партии освоија вкупно 47 места. Дополнително, беа избрани 53 независни кандидати. ДИК објави дека 53.713 гласачки ливчиња (околу 6 проценти од сите дадени гласови) се прогласени за неважечки.[3]

На 23 октомври, ДИК ги објави конечните резултати за изборите за кои не беа поднесени приговори, вклучително и изборите за совет во 64 општини и изборите за градоначалник во 33 општини каде што градоначалник беше избран во првиот круг. На 28 октомври, откако беа исцрпени сите достапни правни лекови поврзани со првиот круг (видете Решавање изборни спорови), ДИК ги објави конечните резултати за преостанатите општини.[4] Вториот круг беше закажан во 32 општини и во Град Скопје. Не постои барање за излезност во вториот круг на изборите за градоначалник, а за избран се прогласува кандидатот којшто ќе добие најмногу гласови. Кандидати од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ учествуваа во 26 градоначалнички трки во вториот круг, оние од коалицијата предводена од СДСМ во 17, коалицијата предводена од ДУИ и ВРЕДИ во по 5 секоја од нив, ЗНАМ во 2, коалицијата Искуство за успех во 1, додека 8 независни кандидати, исто така, продолжија во вториот круг. Левица имаше еден кандидат за градоначалник, за Град Скопје. Од партиите што претставуваат помали етнички заедници коишто се кандидираа самостојно во првиот круг, само Унијата на Роми имаше кандидат во вториот круг, во Шуто Оризари. Само 3 од кандидатите во вториот круг беа жени.

---

1 ДИК ја информираше Мисијата за набљудување на изборите (МНИ) на ОДИХР дека е технички невозможно да се исполни овој рок.

2 Центар Жупа (21,49 отсто), Врапчиште (25,18 отсто), Маврово и Ростуше (30,31 отсто) и Гостивар (33,31 отсто). Изборите за градоначалници во овие општини ќе треба да се повторат во рок од 60 дена од објавувањето на конечните резултати.

3 Член 110 од Изборниот законик предвидува дека гласачот треба да го заокружи редниот број на кандидатот или листата за која сака да гласа. Член 115.2 ги дефинира важечките гласачки ливчиња доста широко како оние каде што волјата на гласачот може да се утврди на сигурен и недвосмислен начин. Релевантното упатство на ДИК, коешто е во сила од 2011 година, ги дефинира важечките гласачки ливчиња само како оние каде што кандидатите (нивниот реден број на гласачкото ливче, логото, името или сите од нив) се заокружени со пенкало со сино мастило.

4 Член 135(2) од Изборниот законик предвидува дека ДИК ги објавува конечните резултати од изборите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од нивното конечно објавување.

Атмосферата по денот на изборите остана мирна. По објавувањето на првичните резултати, претставниците на ВМРО-ДПМНЕ повикаа на оставка на претседателот на СДСМ, Венко Филипче, додека ВРЕДИ го повика лидерот на ДУИ, Али Ахмети, да се повлече. Коалицијата предводена од ДУИ го повтори своето барање за предвремени парламентарни избори.

## Правна рамка

Изборниот законик регулира само одредени аспекти од процесот на изборите во вториот круг, главно оние поврзани со кампањата и финансирањето на кампањата.[5] Сепак, неколку клучни области остануваат нерегулирани, двосмислени или недоволно прецизирани, вклучувајќи го и отсуството на одредби што го дефинираат официјалниот почеток на кампањата во вториот круг, што влијае на барањата за финансиско известување во однос на финансирањето на кампањите и на медиумското покривање и рекламирањето во медиумите. Дополнително, недостасуваше временски распоред и јасни правила за техничките подготовки за гласањето, составот и функционирањето на изборната администрација и користењето билборди за време на кампањата во вториот круг, како и процедури за акредитирање набљудувачи и овластени претставници на кандидати помеѓу двата круга.

## Изборна администрација

Вториот круг избори за градоначалник ги спроведе ДИК, 32 Општински изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на Град Скопје (ИКГС), како и 1.777 Избирачки одбори (ИО), со минимални промени во составот на ОИК и ИО помеѓу двата круга. По првиот круг, ДИК состави список со најчесто поставувани прашања од ОИК и ИО, кои заедно со соодветните одговори, ги дистрибуираше меѓу изборните службеници како дополнителен материјал за обука[6]. Едуцирањето и информирањето на гласачите од страна на ДИК продолжи меѓу круговите.

Изборната администрација продолжи ефикасно и транспарентно да управува со изборните подготовки и генерално уживаше доверба кај засегнатите страни. Сепак, на 25 октомври, членовите на ОИК Шуто Оризари во отворено писмо наведоа дека добиле смртни закани од актуелниот градоначалник и неговата сопруга, коишто според наводите за изборна измама поднеле неколку приговори, и најавија дека ќе го бојкотираат вториот круг доколку не им се гарантира безбедноста (видете *Решавање изборни спорови*). По релевантните судски пресуди, на 28 октомври, ДИК одлучи да се повторат изборите за совет во Шуто Оризари во три избирачки места на 2 ноември, со два нови ИО делегирани од соседните ОИК, каде што изборите беа завршени во првиот круг.[7] Исто така, ДИК ги разреши првичните два ИО и истакна дека ќе испрати барања до Обвинителството за истрага на овие случаи. Календарот на изборите одобрен од ДИК предвидува дека роковите за подготовките за вториот круг на изборите ги пресликуваат оние од првиот круг, без да даде дополнителни детали. Помеѓу двата круга, ДИК одржа четири седници, кои беа отворени за медиумите и за набљудувачите и се пренесуваа на интернет.[8]

---

[5] Тие вклучуваат одредби поврзани со предизборниот молк, роковите за објавување на анкетите на јавното мислење, правилата за медиумско покривање, распределбата на средства за платено политичко рекламирање и бесплатно време за емитување, ограничувањата на трошоците за кампањите на кандидатите, дополнителните барања за финансиско известување во однос на финансирањето на кампањата, како и изборниот систем за вториот круг.

[6] МНИ на ОДИХР набљудуваше обуки за освежување на знаењето за претседателите и замениците на ИО во повеќето општини каде што се одржа вториот круг од изборите за градоначалник.

[7] Според ДИК, законската основа за оваа одлука е член 31.1 и 31.2 од Изборниот законик, којшто ги дефинира општите надлежности на ОИК.

[8] Седниците на ДИК околу денот на гласање во првиот круг беа толкувани на македонски знаковен јазик, што претставува позитивен и инклузивен чекор кон обезбедување пристапност за лицата со оштетен слух.

Законот не предвидува ажурирање на избирачкиот список помеѓу круговите, освен врз основа на поднесени дополнителни барања за гласање во домашни услови и одлуки за гласачи чии приговори за повреда на лично избирачко право биле прифатени од ДИК. Според ДИК, избирачкиот список за вториот круг вклучува вкупно 1.013.357 гласачи, вклучувајќи 4.826 гласачи регистрирани за гласање дома, 1.256 гласачи во казнено-поправни установи и 214 гласачи сместени во институции за социјална грижа.

Ниту Изборниот законик, ни упатството на ДИК за набљудување на изборите не содржат одредби специфични за вториот круг, ниту пак го дефинираат статусот на овластените претставници на кандидатите коишто не се квалификувале за вториот круг. Сепак, ДИК ја информираше Мисијата за набљудување на изборите (МНИ) на ОДИХР дека акредитациите за набљудувачи издадени за првиот круг остануваат валидни и дека може да се акредитираат дополнителни набљудувачи. ДИК регистрираше вкупно 152 домашни набљудувачи помеѓу двата круга.

## Изборна кампања и финансирање на кампањата

Како и во првиот круг, основните слободи на здружување, собирање и изразување беа почитувани, и кандидатите имаа можност слободно да водат кампања. ДИК ја информираше МНИ на ОДИХР дека кандидатите можат да ја продолжат кампањата веднаш штом ќе заврши изборниот молк при затворањето на избирачките места на 19 октомври. Поради недоволно прецизната формула за распределба на средства за политичко рекламирање, како и во првиот круг, не им беше доделен простор за билборди на Левица и ЗНАМ.[9] Поради отсуство на конкретни регулативи, поголемиот дел од политичкото рекламирање на отворено од кампањата за првиот круг остана видливо и за време на вториот круг. Кампањата за вториот круг заврши на 31 октомври.

Во целина, кампањата беше конкурентна, а гласачите имаа вистински избор на политички алтернативи. Некои кандидати за градоначалници ја продолжија кампањата веднаш по објавувањето на првичните резултати, додека повеќето повторно започнаа со активности со понизок интензитет неколку дена подоцна, фокусирајќи се на средби од мал обем и комуникација преку социјалните мрежи.[10] На 23 и 24 октомври, независните кандидати за градоначалник во Македонски Брод и Могила, соодветно, го најавија своето повлекување, со што практично ги оставија другите кандидати таму како единствени кандидати.[11] Етничката албанска коалиција предводена од ДУИ и ВЛЕН спроведе заеднички изборни активности во општина Брвеница, нагласувајќи ја важноста на етничката припадност во политичката застапеност.[12] Сепак, по јавната критика упатена од страна на Премиерот, ВЛЕН се дистанцираше од кандидатот.[13] Пораките на повеќето кандидати се фокусираа на прашања актуелни на општинско ниво, додека партиските лидери на национално ниво ги нагласуваа и своите успеси од првиот круг. Тонот на

---

[9] ЗНАМ ја информираше МНИ на ОДИХР дека, слично како во првиот круг, закупиле билборди коишто не биле побарани од други партии во општина Центар во Скопје и во општина Куманово, каде што нивните кандидати се натпреваруваа во вториот круг.

[10] Помеѓу двата круга, МНИ на ОДИХР набљудуваше три изборни настани во три различни општини, на кои немаше жени говорнички. На сите три настани како говорници учествуваа високи владини функционери. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ беше единствен учесник кој организираше голем митинг за време на вториот круг, кој се одржа во Скопје на 30 октомври.

[11] Сепак, овој потег немаше формални последици и кандидатите останаа на гласачкото ливче, бидејќи законот дозволува повлекување само во рок од 48 часа од усвојувањето на конечната листа на кандидати пред првиот круг.

[12] На 24 октомври, на изборен настан во Хамбург, Германија, Хаќим Рамадани, кандидат на ВЛЕН за Брвеница, изјави: „Кичево и сите други општини каде што има албанско мнозинство секогаш ќе бидат водени само од Албанци… секој треба да знае кој е господарот на својата земја“.

[13] Г-дин Рамадани, пак, ги повика функционерите од коалицијата предводена од ДУИ и од ВЛЕН да не присуствуваат на неговиот митинг.

кампањата во вториот круг беше повоздржан отколку во првиот круг, со одредени инциденти на лични напади меѓу кандидатите, како и меѓу партиските лидери.[14]

Продолжија наводите за притисоци врз вработените во јавниот сектор и врз гласачите.[15] Дополнително, МНИ на ОДИХР доби неколку наводи за купување гласови.[16] Јавни функционери, вклучително и високи владини претставници, ги поддржуваа кандидатите на своите партии и учествуваа на митинзи со гласачи.[17] Одреден број кандидати и министри продолжија со свечени пуштања во употреба и посети на нови инфраструктурни објекти.[18] Некои актуелни градоначалници ги поддржуваа кандидатите во други општини, привремено обезбедувајќи јавни услуги таму.[19] Овие практики ја засилија предноста на актуелните функционери и ја заматија границата меѓу државата и партијата, што е во спротивност со точка 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година.[20] Од објавувањето на изборите, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) прими околу 36 пријави, од кои повеќето се однесуваа на злоупотреба на државни ресурси и обиди за притисок врз гласачите. Како и пред првиот круг, ДКСК не ги третираше овие пријави како приговори и затоа не ги разгледа пред денот на вториот круг на изборите.[21]

Кандидатите активно водеа кампања на Facebook, споделувајќи содржини коишто ги истакнуваат минатите достигнувања, објавувајќи настани од кампањата и ветувајќи локален развој.[22]

---

14 На пример, на 28 октомври, градоначалникот и кандидат на „Искуство за успех“ за Карпош, Стевчо Јакимовски, го повика својот противкандидат на дебата, велејќи: „Ако и овојпат се плашиш – повикај го „родителот старател“ Мицкоски“. На 28 октомври, кандидатот на Левица за градоначалник на Скопје, во дебата со кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, изјави: „Зборуваш за дивоградби, а се сликаш со кралот на дивоградбите — Изет Меџити!“. На 30 октомври, ВМРО-ДПМНЕ објави соопштение во кое ги нарекува лидерот на Левица и нивниот кандидат за Скопје „левичари од АлиЕкспрес“. На 28 октомври, ДУИ го објави на Facebook следново во врска со ВЛЕН: „Албанците ќе зборуваат јасно и достоинствено; ќе кажат НЕ на вазалите на ВМРО“.

15 Наводи за притисоци врз вработени во јавниот сектор беа доставени до МНИ на ОДИХР во Чучер Сандево, Крушево и Куманово. Наводи за притисоци врз гласачите имаше во општина Центар во Скопје, Куманово, Пробиштип и Тетово.

16 Наводи за купување гласови беа пријавени од општините Центар и Карпош во Скопје, како и од Куманово и Тетово. Кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ во Карпош водеше кампања врз основа на договори со приватната болница „Систина“ за обезбедување попусти за медицински прегледи за пензионери, како и со клиниката „Жан Митрев“ за бесплатни прегледи за рано откривање рак.

17 Вклучувајќи го премиерот и министрите за одбрана, животна средина, надворешни работи, внатрешни работи, локална самоуправа и транспорт.

18 На пример, на 22 октомври, градоначалникот и кандидатот на СДСМ во општина Центар, Скопје изврши увид во реконструкцијата на спортски комплекс. На 26 октомври, независниот кандидат за Струга го посети Здравствениот дом и Општата болница во Струга заедно со министерот за здравство, објавувајќи на Фејсбук: „Се договоривме дека преку искрена соработка меѓу локалната и централната власт, со правичност и силна волја за работа, ќе обезбедиме подостоинствени здравствени услуги за Струга“. На 28 октомври, вршителот на должност градоначалник и кандидат на ВМРО-ДПМНЕ за Аеродром, заедно со министерот за спорт, ја најави изградбата на нова спортска сала во вредност од 1 милион евра. На 30 октомври, заменикот на премиерот и министер за транспорт, на митинг со кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ за Брвеница, изјави: „Градоначалникот ќе добие втор мандат тука. …Резервиравме дополнителни средства во Министерството за транспорт, и најавувам дека за … Брвеница ќе има посебен буџет кој ќе биде дополнителен на сè што веќе го имаме“.

19 На пример, актуелниот градоначалник на Куманово и лидер на ЗНАМ, Максим Димитриевски, испрати камиони за собирање отпад во општина Центар во Скопје, што кандидатот на ЗНАМ го искористи во својата кампања; градоначалниците на Илинден, Сопиште и Зелениково обезбедија услуги за собирање отпад во општина Аеродром, што потоа беше дел од кампањата на кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ.

20 Став 5.4 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година повикува на „јасна поделба меѓу државата и политичките партии“.

21 Според законот, ДКСК треба да ги разгледа и да одлучи по пријавите поврзани со прекршувања на правилата за финансирање на кампањата и злоупотреба на административни ресурси во рок од пет дена.

22 Во вториот круг, МНИ на ОДИХР ги следеше изборните активности на 30 профили на политички партии, коалиции, кандидати и партиски лидери на Facebook.

Официјалните партиски профили продолжија да ги промовираат кандидатите за градоначалници, додека голем број актуелни градоначалници и министри ги користеа своите официјални Facebook профили за цели на кампањата. Од деветте потписници на Кодексот на однесување во онлајн просторот за време на изборните процеси и референдумите, Левица не се придржуваше до стандардите на Кодексот за јазикот и реториката.[23] Неколку кандидати изразија загриженост во врска со онлајн вознемирувањето, како и агресивните и манипулативните наративи на социјалните мрежи.[24] МНИ на ОДИХР забележа неколку инциденти на вжештена реторика, вклучувајќи ја тука и објавата на еден новоизбран советник со говор на омраза и омаловажување против ромската заедница, којашто беше осудена од неколку организации на граѓанското општество и политичари.[25] Во последните фази од кампањата, одреден број анонимни профили и некои новинари дистрибуираа чувствителни лични податоци на кандидатот од Левица за Градот Скопје на социјалните мрежи, покренувајќи загриженост за приватноста и заштитата на личните податоци.[26]

Барањата за финансиско известување за кампањата во вториот круг останаа ограничени. Иако кандидатите мораат да поднесат дополнителен преоден извештај еден ден пред денот на гласање во вториот круг, во него мора да се пријават само донациите.[27] Во комбинација со образецот за известување којшто не предвидува распределба на донациите и трошоците по општини, ова дополнително ја поткопува транспарентноста, спротивно на меѓународните добри практики.[28] Изборниот законик предвидува казни до 9.000 евра, во денарска (МКД) противвредност, за прекршувања на правилата за финансирање на кампањата, вклучително и надминување на ограничувањата за донации или трошоци или неподнесување на финансиски извештаи.[29] И покрај тоа што има две надзорни тела, ДКСК и Државниот завод за ревизија (ДЗР), и голем број кандидати кои не ги исполнија барањата за поднесување извештај, не беа поведени постапки во

---

[23] Кодексот ги повикува кандидатите да „користат… примерен и учтив јазик во својата јавна комуникација и да покажат почит кон различните ставови и мислења“ и да „се воздржат од и силно да ја осудат употребата на говор што поттикнува… дискриминација по која било основа“.

[24] Вакви загрижености беа изразени во Карпош, Куманово и Студеничани. Дополнително, на 31 октомври, независниот кандидат во Струга на прес-конференција изјави дека неговите поддржувачи и новинари биле нападнати на социјалните мрежи. Истиот ден, Здружението на онлајн новинари издаде соопштение во кое се осудува секој притисок, напади и говор на омраза против новинарите и се повикуваат јавните службеници и политичките актери да се воздржат од закани, навреди и ширење лажни информации.

[25] На 20 октомври, новоизбраниот советник во Неготино од Македонска акција – Конзервативна партија (МААК) објави Facebook post со користење говор на омраза на расна основа против ромската заедница и сугерирајќи дека припадниците на оваа заедница треба да бидат лишени од правото на глас. На 22 октомври, лидерот на Левица објави на Facebook: „А бре само терање во ПЕКОЛОТ на оваа вмроидна наказа и толку. НЕ АРГУМЕНТИРАЈТЕ со пациентаријата, аман, ве молам.“ На 24 октомври, ДУИ објави пост на Facebook во врска со прославата на победата на ВЛЕН: „Ајде веднаш да одиме на предвремени парламентарни избори! ВЛЕН боледува од синдромот Газиместан!“ На 27 октомври, Левица изјави во однос на Премиерот Христијан Мицковски „Ова ли докторите го нарекуваат психо?”.

[26] Заштитата на личните податоци е регулирана со Законот за заштита на личните податоци од 2020 година. Агенцијата за заштита на личните податоци, исто така, издаде упатства за обработка на лични податоци и за пријавување повреди на личните податоци.

[27] 28 од овие извештаи беа објавени на денот на вториот круг од изборите од страна на ДКСК.

[28] Во точка 261 од Насоките на ОДИХР за регулирање на политички партии од 2020 година е наведено дека „добра практика е да се бараат […]извештаи кои на надзорните тела и на јавноста им обезбедуваат првични информации за приходите од и трошоците за кампања на партиите и на кандидатите неколку дена пред денот на изборите“.

[29] 1 евро изнесува приближно 61,5 МКД. Вторите преодни извештаи од 167 кандидати требаше да бидат доставени до 18 октомври, еден ден пред изборниот ден во првиот круг. Според ДИК и ДКСК, само 57 извештаи биле поднесени навреме, уште 2 биле поднесени два дена подоцна, а 6 биле поднесени три дена по истекот на рокот. Како и со првите преодни извештаи, содржината и времето на објавување варираа. ДКСК ги објави извештаите на денот по нивното поднесување, што се совпадна со денот на изборите, додека ДИК и ДЗР ги објавија три дена подоцна. Последниот преоден извештај треба да се достави еден ден по затворањето на банкарската сметка за кампањата и го опфаќа периодот меѓу крајот на кампањата и затворањето на сметката.

врска со прекршувањата на барањата за поднесување ниту на првиот, ниту на вториот привремен извештај, поради отсуство на законска одредба што ја прецизира институционалната одговорност за поведување такви постапки. Овој пропуст ефективно го неутрализираше механизмот за санкционирање, дополнително ослабувајќи ја довербата на јавноста во надзорните институции и намалувајќи ја отчетноста на изборниот процес, што е спротивно на меѓународната добра пракса.[30]

## Медиуми

Исто како и во првиот круг, медиумите беа обврзани да ги покриваат изборите на избалансиран и непристрасен начин. Државните буџетски средства за политичко рекламирање и времето за емитување беа распределени меѓу кандидатите според истата формула што беше применета во првиот круг, што ги става во понеповолна положба независните кандидати и вон-парламентарните партии и ефективно ги исклучува помалите партии со парламентарна група.[31] Во контекст на вториот круг на изборите за градоначалник, ова значително го наруши просторот за натпреварување со независните кандидати или претставниците на помалите партии, спротивно на заложбите на ОБСЕ и меѓународната добра практика.[32] Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АААВМУ) го продолжи своето набљудување на медиумите и дневното известување до ДИК на 20 октомври.[33]

Мониторингот на медиумите спроведен од страна на МНИ на ОДИХР утврди дека тонот на известувањето во информативните програми на сите набљудувани радиодифузери беше генерално неутрален. Со помал број кандидати во вториот круг, набљудуваните радиодифузери им обезбедија на гласачите доволно информации за кандидатите, вклучително и за независните кандидати и за оние од помали политички партии. Иако платеното политичко рекламирање беше

---

30 Во став 276 од Насоките на ОДИХР за регулирање на политичките партии од 2020 година е наведено дека „Во случаи кога има повеќе надзорни тела, во релевантното законодавство треба јасно да бидат наведени нивните различни надлежности и мандати и да осигури дека тие да се надополнуваат“.

31 Во Град Скопје и општина Центар, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, секоја со пристап до 45 проценти од буџетот наменет за медиумска кампања, се натпреваруваа во вториот круг против кандидатите на Левица и ЗНАМ, кои не добија право на распределување на никакви финансиски средства. Во 8 други општини, независните кандидати и 1 кандидат од партија којашто нема парламентарна група, кои имаа право на 3 проценти од средствата, се натпреваруваа против кандидати на големите партии на кои им беа доделени 45 проценти од средствата.

32 Став 7.8 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година ги обврзува земјите-учеснички да гарантираат дека „нема законски или административни пречки за пристап до медиумите на недискриминаторска основа за сите политички групи и поединци кои сакаат да учествуваат во изборниот процес“. Дел I.2.3 од Кодексот на добри практики во изборните прашања на Европската комисија за демократија преку право (Венецијанска комисија) на Советот на Европа од 2024 година предвидува дека мора да се гарантираат еднакви можности за партиите и кандидатите подеднакво, *меѓу другото* во однос на времето за емитување во медиумите и јавните фондови, и дека во зависност од предметната материја, еднаквоста може да биде строга или пропорционална. Во став 233 од Заедничките насоки на регулирање на политичките партии на ОДИХР и Венецијанската комисија е предвидено дека јавните фондови треба да се „распределуваат непартиски, врз основа на фер и разумни критериуми“, а став 235 предвидува дека „системот за утврдување на пропорционална (или правична) распределба на финансиска или непарична државна поддршка мора да биде објективен, фер и разумен“.

33 На 19 и 20 октомври, АААВМУ поведе четири прекршочни постапки против четири телевизиски (ТВ) станици (две кабелски ТВ и две локални ТВ станици) поради прекршување на изборниот молк во првиот круг.

во корист на поголемите партии, за независните кандидати претежно се известуваше во вестите.[34] Како и во првиот круг, во онлајн медиумите беше отсликана политичка поларизација.[35]

## Решавање изборни спорови

Во пропишаниот рок, до ДИК беа поднесени 51 приговор во врска со процедурите на денот на изборите во првиот круг, вклучително 19 кои се однесуваат на процесот на гласање и 32 поврзани со утврдувањето и сумирањето на резултатите. ДИК ги разгледа сите приговори на јавна седница што се одржа на 23 октомври, отфрлајќи 8 како недозволени или поднесени надвор од пропишаните процедури и одбивајќи ги преостанатите 43 како неосновани.[36] Во неколку случаи, ДИК отстапи од правилото за разгледување на приговорите по редоследот на поднесување, а наместо тоа ги групираше оние приговори коишто се однесуваа на истите општини или подносители на приговорите.[37] Во согласност со процедурите, претставниците на сите подносители на приговори беа поканети на седницата, а присутните беа сослушани пред да бидат усвоени одлуките. Не беа разгледани сите приговори поединечно, бидејќи за некои коишто се однесуваа на сличен предмет беше донесена заедничка одлука, при што, на моменти, ДИК имаше претерано формален пристап.[38] Дополнително, ДИК, во своите решенија, им дала неточна правна напомена на жалителите во однос на достапните правни лекови.[39] Овие недостатоци, заедно со рестриктивните рокови, ја ограничија истрагата на одредени случаи. Недоследната примена на законот и насоките на ДИК дополнително го поткопа правото на ефективен правен лек и предизвика загриженост за правичната постапка, спротивно на заложбите на ОБСЕ и меѓународните стандарди и добра практика.[40]

Помеѓу двата круга, ДИК доби и 30 приговори поврзани со регистрацијата на гласачите и гласањето дома, при што прифати 22, а одби 8.

---

34 Канал 5 и Телма емитуваа дебати за општина Куманово. Во ударниот термин, МРТ 1 емитуваше дебати за Пробиштип и Валандово, додека ниеден кандидат не покажа интерес за дебати на МРТ 2. ТВ Алфа емитуваше дебати за општина Центар во Градот Скопје и за Валандово, Канал 5 исто така емитуваше дебати за Аеродром и Градот Скопје, а Телма – за Аеродром, Карпош, Пробиштип и Валандово, додека дебатите за Градот Скопје беа планирани, но кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ одби да учествува.

35 Со исклучок на „Слободен печат“, којшто во двата круга известуваше исклучиво со неутрален тон.

36 Три приговори беа поврзани со изборите за градоначалник во Гостивар, и беа отфрлени од страна на ДИК со образложение дека изборите таму ќе се повторат, иако не беше објавена формална одлука за повторување на изборите во моментот на разгледувањето од страна на ДИК. Пет други приговори беа отфрлени бидејќи биле поднесени по електронски пат.

37 Упатството на ДИК за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на ДИК пропишува дека приговорите треба да се разгледуваат по редоследот на поднесување.

38 На пример, неприфаќање приговори бидејќи биле поднесени по електронски пат, или недетално разгледување на приговорите бидејќи немало забелешка во записникот од предметното избирачко место, или разгледување на приговорите што биле поднесени од истиот кандидат заедно, наместо по редоследот по којшто биле поднесени.

39 Во своите одлуки, ДИК ги известува жалителите дека жалбите против нејзините одлуки може да се поднесат до Управниот суд преку ДИК, додека Изборниот законик пропишува само дека жалбите против одлуките на ДИК може да се поднесат до Управниот суд, без да се прецизира дека ова треба да се направи преку посредничко тело.

40 Во став 5.10 од Копенхашкиот документ на ОБСЕ од 1990 година е предвидено дека „Секој ќе има ефективен правен лек против управните одлуки, со цел да се гарантира почитување на основните права и да се обезбеди правен интегритет“. Став 13.9 од Виенскиот документ на ОБСЕ од 1986 година ги задолжува земјите-учеснички на ОБСЕ ефективно да применуваат правни лекови, вклучувајќи го „правото на правична и јавна расправа во разумен рок пред независен и непристрасен суд, вклучувајќи го и правото на изнесување правни аргументи“. Делот II.3.3б од Кодексот на добри практики во изборните прашања на Венецијанската комисија препорачува дека „постапката мора да биде едноставна и ослободена од формализам, особено во однос на прифатливоста на жалбите“.

Четиринаесет одлуки на ДИК беа обжалени пред Управниот суд, кој ги потврди одлуките на ДИК во 10 случаи. По разгледување на изборните материјали во еден случај, и повторно пребројување на гласачките ливчиња во уште три случаи, на темелен и ефективен начин на јавни седници, во согласност со процедурите, Судот ги усвои тужбите во четири случаи.[41] Судот ги поништи одлуките на ДИК во овие случаи и ги поништи резултатите во три избирачки места во Шуто Оризари, една поврзана со изборите за градоначалник и три со изборите за општински советници. Судот одлучуваше во совети составени од пет судии, како што е пропишано со закон, што им овозможи на странките во процесот да бидат сослушани, и ги објави своите пресуди навремено, и покрај кратките рокови.[42]

## Денот на изборите

Во согласност со методологијата на ОДИХР и во отсуство на краткорочни набљудувачи во вториот круг, МНИ на ОДИХР не ги набљудуваше процедурите на денот на изборите на систематски или сеопфатен начин, но членовите на мисијата посетија ограничен број избирачки места и ОИК во 18 општини.

На избирачките места каде што беше набљудувано отворањето, процедурите беа почитувани. Гласањето, врз основа на она што беше забележано во текот на целиот ден, беше оценето како добро организирано, професионално и мирно. Во ограничениот број набљудувани избирачки места, воспоставените процедури генерално беа почитувани, а набљудувачите на МНИ на ОДИХР не пријавија инциденти или сериозни процедурални недостатоци. Повторно беа забележани одредени технички проблеми со биометриската идентификација на гласачите. Овластени претставници на кандидатите беа присутни во речиси сите набљудувани избирачки места, а МНИ на ОДИХР не забележа мешање во работата на ИО. Сепак, беа забележани бројни случаи каде лица кои не беа членови на избирачки одбори водеа евиденција за гласачите кои гласале, што укажува на можен притисок врз гласачите и обиди за недозволено влијание врз нивниот избор.

Броењето на гласовите набљудувано од страна на МНИ на ОДИХР беше оценето како транспарентно и ефикасно и генерално се спроведуваше во согласност со пропишаните процедури, со неколку исклучоци каде што потребните чекори за усогласување беа изоставени или не беа извршени по правилен редослед. Не беа забележани несогласувања околу важноста на гласачките ливчиња, а ИО немаа потешкотии при пополнување на записникот за резултати. Таму каде што беше набљудувано, сумирањето беше добро организирано, професионално и транспарентно, со ефикасен прием на изборни материјали и проверка на записници, и се спроведуваше во согласност со воспоставените процедури.

ДИК објави излезност од 41,76 проценти. Таа започна со објавување на делумни првични резултати на својата веб-страница, до ниво на избирачко место, околу 19:45 часот на 2 ноември, и ги објави првичните резултати во 21:50 часот, придонесувајќи кон транспарентноста.

---

41 При повторното пребројување беа откриени неколку сериозни неправилности во записниците на ИО и пропусти во изборните материјали. Овие вклучуваа страница што недостасува во еден записник на ИО, несовпаѓања помеѓу бројките евидентирани во сите записници за резултати на ИО и резултатите од повторното пребројување, една гласачка кутија на која недостасуваат пломби и неправилно спакувани изборни материјали.

42 Според закон, Управниот суд мора да ги објави своите пресуди во рок од два часа од завршувањето на расправата. Во еден случај, Судот доцнеше два часа поради технички пропусти на ДИК, која доставила неточни изборни материјали до Судот и не обезбедила доволно пломби, што предизвика доцнење во процесот, а следствено и во објавувањето на пресудата. Судот јавно ги критикуваше претставниците на ДИК за непрофесионалност, тврдејќи дека слични пропусти на ДИК се повторувале во последователните изборни циклуси.

Прописите за изборен молк генерално беа почитувани, но беа пријавени неколку прекршувања. Особено, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и премиер Мицкоски, во медиумска изјава, ја промовираше својата партија и нејзините кандидати. ДИК ги повлече акредитациите на осум набљудувачи од организацијата „Разбуди се“ поради водење кампања пред избирачко место во Шуто Оризари и го информираше Јавното обвинителство за инцидентот.

***Англиската верзија на овој извештај е единствениот официјален документ.***
***Неофицијални преводи се достапни на македонски и албански јазик.***

## ИНФОРМАЦИИ ЗА МИСИЈАТА И БЛАГОДАРНОСТ

Скопје, 3 ноември 2025 година - Проценката беше извршена за да се утврди дали изборите се во согласност со заложбите на ОБСЕ и другите меѓународни обврски и стандарди за демократски избори, како и со националното законодавство. Оваа проценка треба да се чита заедно со Изјавата за прелиминарни наоди и заклучоци, објавена на 20 октомври по денот на изборите во првиот круг.

ОДИХР ја поддржува Декларацијата за принципите за набљудување избори на меѓународно ниво од 2005 година. Оваа изјава за прелиминарни наоди и заклучоци се доставува пред завршувањето на изборниот процес. Конечната проценка на изборите ќе зависи, делумно, од спроведувањето на преостанатите фази од изборниот процес, вклучувајќи го сумирањето и објавувањето на резултатите и постапувањето по можните приговори или жалби по денот на изборите. ОДИХР ќе објави сеопфатен конечен извештај, вклучувајќи препораки за потенцијални подобрувања, неколку месеци по завршувањето на изборниот процес.

МНИ на ОДИХР беше распоредена на 5 септември, а предводена е од шефот на Мисијата, Матео Мекачи. Во набљудувањето на вториот круг од страна на МНИ на ОДИХР беше вклучен основен тим од 11 експерти и 2 претставници на ОДИХР во Скопје и 10 долгорочни набљудувачи. Набљудувачите на ОДИХР за вториот круг дојдоа од 17 земји. Девет од 23 набљудувачи на ОДИХР беа жени.

Меѓународната мисија за набљудување на изборите изразува благодарност до властите на Република Северна Македонија за поканата за набљудување на изборите, како и до Државната изборна комисија и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за нивната помош. Меѓународната мисија за набљудување на изборите изразува благодарност и до другите државни институции, политички партии, кандидати, медиуми, организации на граѓанското општество и претставници на меѓународната заедница за нивната соработка.

За повеќе информации, ве молиме контактирајте ги:
- Матео Мекачи, шеф на МНИ на ОДИХР, Скопје (+389 71 393185);
- Катја Андруш, портпаролка на ОДИХР (+48 609 522266), или
- Ранко Вукчевиќ, советник за избори на ОДИХР (+48 723 960008).

**Адреса на МНИ на ОДИХР:**
Георги Димитров 16
1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефон: +389 71 393185; email: office@odihr.mk